Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 25, а во врска со член 86, став 1, точка 2 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката на својата 154 (сто педесет и четврта) седница, одржана на 19.4.2021 година, го доставува до Собранието на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**по Годишниот извештај за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје за 2020 година**

Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје го разгледа и го одобри Годишниот извештај за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, и го даде следното мислење:

Извештајот за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје за 2020 година содржи податоци за макроекономското опкружување во кои Банката ја остваруваше својата активност, работењето на органите на Банката, деловно–финансиското работење, управувањето со ризиците, усогласеноста со законската регулатива, како и работењето на Банката по одделни сегменти.

Од Годишниот извештај може да се заклучи дека Банката успеа да ја заврши 2020 година со позитивен финансики резлутат, наспроти крајно неповолниот деловен амбиент, одбележан со економската и здравствената криза предизвикани од ширењето на пандемијата Ковид-19.

Извештајот за работењето на систематизиран начин го презентира деловното работење на Банката, анализирано по одделните финансиски и деловни активности, за кои се известува согласно со Законот за банки, Законот за трговски друштва, потоа почитувањето и спроведувањето на одделните политики, нивната усогласеност со воспоставените процеси и усогласеноста на работењето со супервизорските стандарди и Кодексот за корпоративно управување, како и финансиските активности, управувањето со одделните ризици на кои е изложена Банката, работењето на органите, развојот на информатичката технологија, воспоставените интерни контролни механизми, активностите на внатрешната ревизија и сите останати деловни активности.

Извештајот за работењето на Банката дава целосна слика за работењето, нејзините организациски единици и организациски делови во извештајниот период. Дадена е детална презентација на банкарските активности, целокупното работење и остварувањата со состојбата на 31.12.2020 година, остварувањата во однос на претходната година и усвоениот Деловен и финансиски план.

Банката, работејќи во вонредни услови, успеа да даде максимална поддршка во реализацијата на тековните и развојните цели и задачи на своите комитенти, акционери и други деловни субјекти, притоа одржувајќи стабилност и сигурност во работењето преку зголемување на вкупниот потенцијал, подобрување на бонитетот и стандардите за покривање на ликвидносниот, кредитниот, валутниот, каматниот и другите ризици во работењето и профитабилноста во работењето.

Во текот на 2020 година, Банката успеа да ја одржи својата пазарна позиција во групата на средни банки што претставува исполнување на стратешката цел на Банката.

Во 2020 година, активностите беа насочени кон остварување на Деловниот и развоен план на Банката, како и на Стратегискиот план на Банката, усвоени од Собранието на акционерите, но и кон справување со предизвиците наметнати со здравствената криза. Во такви отежнати услови, Централна кооперативна банка АД Скопје ги оствари поставените цели.

ЦКБ АД Скопје ја заврши годината како стабилна и ликвидна банка, зацврстувајќи ја довербата на своите клиенти и соработници, доследно почитувајќи ја законската регулатива, навремено и точно известување на Народната банка на РСМ, планирање на нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот, како и наплата на проблематични побарувања.

Во Извештајот за работењето се презентирани сите информации пропишани со Законот за трговските друштва и содржан е и Извештајот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје за 2020 година, како негов составен дел, изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на РСМ“ број 24/18, 113/19).

***Имајќи ги предвид презентираните податоци за сите активности, мислењето на Надзорниот одбор на Банката е дека Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во текот на 2020 година.***

**Претседател на Надзорен одбор,**
**г. Тихомир Атанасов**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *